РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-893/3

10-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница, одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12 - 1920 од 2019 година, оформен по пријава број 12 – 1920/1 од 23.03.2019 година доставена до ДКСК од подносителот ------- --------- од --------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-1920 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган .

Предметот со број 12- 1920 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 1920 од 2019 година е оформен по пријава број 12 - 1920/1 од 23.03.2019 година , доставена до ДКСК од страна на подносителот ------- --------- од --------.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незаконито постапување на институции во РСМ при упис на дете во матичните книги во 2011 година и одложување на постапката заведена по овој основ, а во врска со неостварување на родителските права на подносителот во постапка водена за старателство на малолетно лице водена од 2011 година.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Управата за водење на матичните книги за информации и податоци во врска со предметниот случај. По барањето на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во предметниот случај станува збор за неостварување на родителските права на подносителот на пријавата во врска со старателство на малолетно лице - неговата ќерка, а подносителот како основ за поднесување на пријавата до ДКСК го наведува одолжувањето на постапката поведена во врска незаконски упис на неговото дете, кое било родено во 2010 година во Австралија и имало две државјанства, а кое во 2011 година останало во РМ со својата мајка по што започнале проблемите на подносителот по однос на ова прашање, а тој бил лишен од правото да контактира со своето дете иако за случајот имало решенијата донесени од страна на Центарот за социјални работи со кои биле уредени неговите родителски права. Имено,

подносителот на пријавата бил во нарушени односи со неговата сопруга и според него кога таа како мајка на детето допатувала во РМ во 2011 година одлучила тајно да се разведе од него и завела граѓанска постапка со поднесување на бракоразводна тужба на ден 30.09.2011 година, а исто така со слика од странскиот сертификат за раѓање успеала да изврши упис во матичните книги на нивното малолетно дете без оригинален извод и без негова согласност како татко, а што за подносителот било сторено на незаконски начин. Во пријавата се наведува дека „незаконскиот" упис на детето бил откриен и Органот кој сам го укинал решението донесено на 21.12.2011 година и ја задолжил мајката во рок од 15 дена да достави извод на родени од Австралија. Според подносителот, ваков извод не бил изваден, а со „фантом" документ детето повторно со решение било впишано во матичните книги во РСМ на 07.02.2021 година.

Од страна на подносителот, како засегнат родител на детето кој бил незадоволен од донесеното решение на првостепениот орган – Управата за матични книги, била поднесена жалба до министерот за правда, која со решение УП2 ---- од 04.04.2012 година, била одбиена како неоснована, детето не остварувало видувања со таткото, бабата и дедото и на 16.04.2015 година била донесена пресуда по која било започнато повторување на постапката по однос на незаконскиот упис од 14.09.2015 година. Барањето за повторување на постапката било уважено од Министерството за правда со Решение од 21.04.2016 година, но на 02.11.2016 година, било донесено контрадикторно решение со УП2 -----/2016, кое според сознанија на подносителот било донесено под влијание на заменик министерот и државниот секретар. Против донесеното решение, подносителот незадоволен од контрадикторност меѓу институциите, бил поведен управен спор по поднесена тужба до Управен суд на ден 02.11.2016 година, по која било постапено и од Судот била донесена негативна пресуда на 18.04.2018 година односно, тужбата била одбиена како неоснована односно дек оспореното решение било законито и со истото не бил повреден законот на штета на тужителот а по оваа пресуда, од страна на подносителот била вложена жалба и до Вишиот Управен суд.

За случајот бил заведен судски спор против РМ пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур, по жалба поднесена од подносителот на пријавата и неговите родители, поради тоа што жалителите биле лишени од правото да контактираат со детето и покрај решенијата донесено од страна на Центарот за социјални работи. Во прилог кон пријавата, доставена е Пресуда од Стразбур од 16.04.2015 година, која станала правосилна од 16.07.2015 година а во која е наведено дека во поглед на фактите на случајот Судот сметал дека властите во РМ не направиле се што било во нивна моќ во поглед на осигурување на правата на жалителите по предметното прашање и дека Судот заклучил дека домашните органи не успеале да направат соодветни и ефективни напори за извршување на правата на жалителите во поглед на неговиот семеен живот, кој е гарантиран со членот 8 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи, со што има повреда на овој член. Исто така, овој Суд во пресудата забележел и дека кривичните постапки поведени во 2013 година против мајката на детето, се уште не биле завршени пред домашните судови. Судот сметал дека жалителите во постапката преку кривичната постапка немале ефективен правен лек во врска со нивните права. На крајот од пресудата, наведено е дека Судот ја прогласува предметната жалба била допуштена, тој смета дека имало повреда на членот 8 од Конвенцијата во поглед на правата на жалителите за почитување на нивниот семеен живот; дека имало повреда на членот 13 од Конвенцијата во врска со членот 8 од Конвенцијата; како и смета дека одговорната држава треба да им ги плати износите на жалителите на име на нематеријална штета на жалителите и на име на трошоци, со камата. Судот остатокот на барањето на жалителите за правична отштета го отфрла.

Подносителот на пријавата, ја дополнува пријавата во два наврати, со дописи заведени во архивата на ДКСК под број 12-1920/2 од 05.04.2019 година и број 12-1920/3 од 13.06.2019 година, а со кои се приложува дополнителни акти и документација по однос на предметните наводи. Од извршениот увид во доставената документација, констатирано е дека подносителот за овој случи се обратил и до народниот правобранител кој постапил по барањето и на 25.03.2019 година до подносителот доставил известување за непокренување постапка.

-Во врска со конкретниот случај ДКСК од Управата за водење на матичните книги ја побара целокупна документација со комплет списите од предметниот акт за лицето ------- ---------- од --------, а во врска со управниот спор заведен по тужба на тужителот ------- ---------- од --------, против решението на Министерството за правда бр. УП2. ----/2016 од 02.11.2016 година и во врска со жалбата против пресудата на Управниот суд У-бр.------/2016 од 18.04.2018 година.

-По барањето на ДКСК, доставено е известување од Управата за матични книги со кое се доставуваат списите по предметниот акт за наведеното лице и воедно се известува дека истите биле доставени до Министерство за правда на 28.03.2019 година. Воедно, на 27.07.2020 година до ДКСК се доставува известување дека малолетното лице ------- ---------- родено на ден 30.08.2010 година во Кампердаун Австралија, од родители ------- ---------- и -------- ------------, евидира во матична книга на родените со тековен број ----------- за место Скопје и во прилог се доставува копија од матична книга на родените, верна на оригиналот. Од извршениот увид во доставениот извод, по однос на запишувањето на предметното малолетно лице во матична книга на родените, констатирано е дека во забелешката на истиот е наведено дека запишувањето било извршено по извод на родени издаден од Кампердаун Австралија ф - издаден на ден 27 септември 2011 година.

Од извршениот увид со доставената документација, констатирано е дека од страна на подносителот на пријавата во врска со предметниот случај и по однос на непочитувањето на одлуките на Центарот за социјални работи, биле поднесени барања/ жалби/пријави до повеќе институции во РМ: Државниот управен инспекторат (*кој извршел надзор во Управата за матични книги и со кој бил извршен уписот на детето при кој било утврдено било дека Управата немала донесено конкретен управен акт по однос на барањето за издавање на копие од оригиналот на австралискиот извод, по што било донесено решение за отстранување на констатираната неправилност од 15.12.2015 година а во м. февруари 2016 година бил донесен Заклучок за запирање постапката по надзорот);* Министерството за правда (*кое постапило и донело решение УП2. Бр. ------/2016 од 12.07.2016 година, со кое жалбата била прифатена а предметот бил вратен на Државниот управен инспекторат на повторно разгледување и одлучување);*Министерството за внатрешни работи), а исто така биле поведени и кривични постапки против мајката на детето по поднесени кривични пријави, по кои на 29.10.2013 година од страна на основниот јавен обвинител било поднесено обвинение за грабнување на малолетник по кое постапил Основниот суд и ја огласил за виновна со пресуда од 12.12.2014 година , за грабнување на малолетник бидејќи таа го спречувала таткото да одржува контакти со детето на начин утврден од страна на Центарот за социјални работи, а врз основа на пресудата од страна на првостепениот суд и била изречена казна затвор во траење од 3 месеци , одложена за една година по правосилноста на пресудата. Исто така, од страна на подносителот била поднесена кривична пријава и против вработени во ЈУМЦСР Скопје и Основниот суд Скопје 2, за нивни незаконски постапувања во врска со случајот кога детето имало статус на странец во РМ, а по која од страна на основниот јавен обвинител било донесено решение за отфрлање на кривичната пријава, а била поднесена и претставка со советот за јавни обвинители на ден 13.10.2016 година, поради постоење на индиции за незаконски постапувања на поединци од ОЈО и од Вишото јавно обвинителство.

По ургенција на ДКСК, од Управата за матични книги доставена е и дополнителна .документација во врска со случајот и тоа: препис од матична книга на родените заедно со копија од известувањата кои биле доставени до Министерството за правда од 29.03.2019 година, како и копија од извод од матината книга на родените, заверена на ден 27.09.2010 година со потпис и печат на матичарот на Матичната книга на родените, умрените и венчаните, Нов Јужен Велс, Комонвелт Австралија, *(------ ----------)* кој потврдува дека овој извод бил веродостојна копија на податоците кои биле упишани во Матичната книга на државата Нов Јужен Велс, Комонвелт Австралија.

Со оглед на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека конкретниот случај се однесува на прашање во врска со остварување на родителски права на подносителот на пријавата во постапка за старателство на малолетно лице, која подносителот ја водел од 2011 година и во која тој презел низа активности за остварувањето на овие свои права односно, се обратил до надлежни органи и институции кои постапиле како органи кои се надлежни да постапуваат во областа, а исто така во врска со случајот од страна на подносителот биле искористени расположливите правни лекови и биле заведени управи спорови и судски постапки по вложени тужби како и биле поднесени кривични пријави до надлежни органи кои постапиле во рамките на своите законски надлежности и донеле одлуки/решенија од своето надлежно постапување во врска со предметниот случај. Воедно, оспорениот акт - извод од матичната книга на родените, по кој било извршено запишувањето во Управата за матичните книги во РСМ, бил издаден од Кампердаун Австралија ф - на ден 27 септември 2011 година, како што е наведено во забелешката при запишувањето на детето, а истиот бил заверен со потпис и печат на матичарот на Матичната книга на родените, умрените и венчаните, Нов Јужен Велс, Комонвелт Австралија, а со кој матичарот потврдил дека овој извод бил веродостојна копија на податоците кои биле упишани во Матичната книга на државата Нов Јужен Велс, Комонвелт Австралија. Оттука, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај, доставената пријава се отфрла, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК